Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1318/1 од 25.03.2021 година, поднесена во врска со јавни набавки спроведени во две општини во РСМ, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1318/1 од 25.03.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 25.03.2021 година, поднесена е пријава во врска со јавни набавки спроведени во две општини во РСМ и оформен е предмет број 12-1318/1 од 25.03.2021 година.

Подносителот наведува дека пријавува јавна набавка која смета дека не е спроведена во целост согласно законските прописи на РСМ за што говореле и неколку текста од невладини организации. Подносителот бара да се провери целата јавна набавка, а се повикува на натписи објавени во медиумите со кои се бара „да се поништат тендерите за „чистење“ на ----------------- и ----------------------, активисти алармираат дека се во опасност и животните и растенијата“. Видно од доставените прилози станува збор за јавни набавки за градежни работи објавени од општините --------- и ---------- за чистење на крајбрежјата на двете езера, при тоа критериумите во тендерските документации биле исти иако екосистемите на двете езера, проблемите и потребите со кои се соочуваат се разликуваат поради што невладините организации кои работат во оваа област бараат нивно поништување.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавата не содржи јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Оттаму ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**